Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL

Бр.-Nr. 04-10/4
16.01.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 77-ж став 1 од Законот за културата(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018),како и член 21 од Законот за работни односи (Сл.Весник на РМ бр.62/05, бр.106/08, бр.161/08, бр.114/09, бр.130/09, бр.149/09, бр.50/10, бр.124/10, бр.47/11, бр.11/12, бр.39/12, бр.13/13, бр.25/13, бр.170/13, бр.187/13, бр.113/14, бр.20/15, бр.33/15, бр.72/15, бр.129/15, бр.27/16 и бр.120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019, 267/2020 и 151/2021) ), член 20д став 2 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/19 и 14/20 ) и Записникот од спроведеното интервју бр. 04-10/3 од 16.01.2024 година, во врска со работното место Суфлер од Јавниот оглас број 3/2023, објавен во дневните весници „Слободен печат „ „Вечер„ и „Коха“ на 30.12.2023, и на веб страната на Националната установа Национална опера и балет,донесувам

ОДЛУКА
за избор

1. По спроведената постапка за вработување на еден извршител на работно место Суфлер , шифра КУЛ 03 04 Г03 010, Сектор Опера,оддел за уметничко техничка поддршка во Балет во Национална опера и балет, се избира кандидатот Невена Георгиева.
2. По конечноста на одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно обезбедена согласност за вработување бр. 18-11998/2 од 26.12.2023 година, НУ Национална опера и балет објави оглас за вработување на едно лице,за работно место Суфлер , шифра КУЛ 03 04 Г03 010, Сектор Опера,оддел за уметничко техничка поддршка , од јавниот оглас број 3/2023.
На огласот објавен во дневните весници Слободен Печат, Вечер и Коха на 30.12.2023 година, се јави еден кандидат, уреден кој продолжи во понатамошната постапка. На интервјуто одржано на 16.01.2024 година се јави кандидатот Невена Георгиева. По спроведената постапка и интервју за проверка на способности на кандидатите, врз основа на членот 20д став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор „се избираат онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедницата за која согласно Годишниот план на институцијата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат за таквите работни места„ и член 21 од Законот за работни односи се донесе одлука како во изреката.
Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Управниот одбор на Национална опера и балет, во рок од осум дена по приемот.

Доставено до:
- Кандидатите
-Одделение за човечки ресурсии веб страна
- Огласна табла
-Архива

Директор
м-р Васо Ристов

Изработил: Т.Пејовска